**МАКЕДОНСКА БЕРЗА
НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
АД СКОПЈЕ**

# ПРАВИЛА ЗА ЧЛЕНСТВО

**Скопје, април 2023 година**

Врз основа на член 79 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и Службен весник на РСМ" бр. 31/20 и 288/21), член 25 и член 41 од Статутот на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Одлуката бр.02-514/1 од 28.04.2023 година за усвојување на Правилата за членство на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на ден 28.04.2023 ги усвои следните:

# ПРАВИЛА ЗА ЧЛЕНСТВО
# НА
# МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување на овие Правила

### Член 1

Со овие Правила се регулираат условите, начинот и постапката за прием во членство во Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, правата и обврските на членка на Берзата и на овластените брокери и брокерите со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, како и престанокот и промените во членството во Берзата.

### Дефиниции
### Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овие Правила го имаат следново значење:

- "Берза" означува Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје;

- „Комисија„ означува Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија;

- „Овластено правно лице „ се правните лица од член 95 од Законот за хартии од вредност и тоа:

  а) брокерска куќа со дозвола за работење добиена од Комисијата;
  б) овластена банка согласно со Законот за банките, со дозвола за работење добиена од Комисијата и
  в) подружница на странска брокерска куќа која има добиено дозвола за работење од Комисијата.

- “Членка” подразбира брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа, регистрирана во трговскиот регистар како правно лице кое има добиено важечка дозвола за работа од Комисијата за хартии од вредност и е примена во членство на Берзата;

- “Овластен брокер” означува лице со важечка дозвола за работење на брокер издадена од Комисијата за хартии од вредност;

- „Брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот” е овластен брокер кој има дозвола од Берзата за пристап до берзанскиот електронски систем за тргување и за користење на овој систем за активно тргување, вработен во членка на Берзата согласно Законот за работни односи;

- “Берзански електронски систем за тргување” или “БЕСТ систем” подразбира информационен систем, кој со помош на соодветна компјутерска поддршка, овозможува внес, промени, задржување и повлекување на налозите за тргување, автоматско усогласување на налозите за тргување и склучување на берзански трансакции, надзор врз налозите за тргување и склучените берзански трансакции, како и преглед на информации за тргувањето и котираните односно регистрираните хартии од вредност;

- „Други системи на Берзата„ се сите системи кои се поддржани од страна на Берзата, а кои функционално се однесуваат на спроведување на активности поврзани со Правилата за тргување, Правилата за членство, Правилата за котација, како и други акти поврзани со работата на членките во однос на Берзата и/или други институции, не исклучувајќи ги БЕСТ и/или СЕИ-НЕТ системите;

- “Акти на Берзата” се: Правила за членство, Правила за тргување, Правила за котација, Правила за однесување и дисциплина, Правила за арбитража, Тарифник на Берзата, како и сите други одлуки и акти донесени врз основа на наведените акти;

- “Прописи од областа на хартии од вредност” означуваат Законот за хартии од вредност, другите закони што го регулираат работењето со хартии од вредност и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

(2) За целите на овие Правила, освен ако поинаку не е дефинирано, сите други термини го имаат истото значење како во Законот за хартии од вредност и другите акти на Берзата.

## 2. ПРИЕМ ВО ЧЛЕНСТВО

### Општи услови за прием во членство
### Член 3

Членка на Берзата може да биде овластено правно лице коешто ги исполнува условите за членство пропишани со овие Правила.

**Начин на прием во членство во Берзата**
**Член 4**

(1) Статус на членка на Берзата се стекнува со прием во членство на Берзата, по барање на овластеното правно лице.
(2) Одлука за прием на овластеното правно лице во членство на Берзата носи Одборот на директори на Берзата доколку утврди дека се исполнети условите за прием во членство пропишани со овие Правила.
(3) Членка на Берзата не може да го пренесе својот статус на членка на Берзата на друго лице.
(4) Статус на членка не може да се стекне со сукцесија.
(5) Со стекнување на членство на Берзата, членката на Берзата неотповикливо се согласува на примена и почитување на овие Правила и другите акти на Берзата, како и сите нивни измени и дополнувања.

**Организациски, кадровски и технички услови за членство**

**Член 5**

Овластеното правно лице кое поднело барање за прием во членство е должно да ги исполнува организациските, кадровски и технички услови за прием во членство на Берзата пропишани со овие Правила, како и да исполнува други критериуми пропишани од Комисијата и други критериуми пропишани од Берзата со актите на Берзата.

**Организациски услови**
**Член 6**

Овластеното правно лице кое поднело барање за прием во членство на Берзата е должно да ги исполнува следните организациски услови:

- да е регистриран во трговскиот регистар како брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа;
- да има важечка дозвола за работење со хартии од вредност од Комисијата за хартии од вредност ;
- актите на овластеното правно лице на пазарот на хартии од вредност да се усогласени со прописите од областа на хартиите од вредност и актите на Берзата;
- органот на управување на овластеното правно лице со одлука да ги прифати овие Правила и актите на Берзата и да се обврзе на нивно спроведување и почитување;
- да има воспоставено и да одржува интерни системи и механизми за ефикасно, правилно и одговорно работење, особено во поглед на актите со кои се уредува работењето со клиенти, чувањето на деловна тајна, начинот на спречување на злоупотреба на информации кои не се достапни на јавноста, контролни процедури за работењето, начинот на прием на налози по електронски пат и други акти кои произлегуваат од актите на Берзата.

- да биде членка на овластен депозитар.

**Кадровски услови**
**Член 7**

(1) Овластеното правно лице кое поднело барање за прием во членство на Берзата е должно да ги исполнува следните кадровски услови:

- да има најмалку две лица во редовен работен однос кои поседуваат дозвола за работење на брокер издадена од Комисијата и да имаат дозвола за пристап до БЕСТ од страна на Берзата;
- да има лице кое ќе биде одговорно за следење и почитување на прописите од областа на хартии од вредност, актите на Берзата и актите на овластеното правно лице;

(2) Овластеното правно лице како контролор на личните податоци на лицата од став 1 алинеја 1 и 2 од овој член до Берзата ги доставува следните лични податоци за тие лица:

- име и презиме
- единствен матичен број
- е-маил адреса
- телефонски број.

(3) Во однос на личните податоци од став 2 на овој член овластеното правно лице гарантира дека:

- сите доставени податоци се точни и целосни и дека се прибавени врз основа на дозволен правен основ за обработка;
- целта на обработка со која тие лица се запознаени заради обработка на нивните лични податоци, вклучува и размена на личните податоци со Берзата, за целите дефинирани во овој член;
- ги запознал овие лица со правата кои произлегуваат од регулативата за заштита на лични податоци.

(4) Берзата во однос на личните податоци од став 2 на овој член се обврзува дека: (а) ќе постапува со нив и ќе ги користи единствено за целта на спроведување на овие Правила и другите акти на Берзата; (б) ќе ги смета за доверливи и (в) ќе ги презема потребните технички и организациски мерки со цел да обезбеди заштита на истите и спречување на неовластен пристап до истите согласно важечките акти на Берзата за заштита на лични податоци.

**Технички услови**
**Член 8**

(1) Овластеното правно лице кое поднело барање за прием во членство на Берзата е должно да има соодветен информатички, компјутерски и комуникациски систем за извршување на работите поврзани со тргувањето со хартии од вредност и којшто овозможува поврзување со БЕСТ системот и другите системи на Берзата и системите на овластен депозитар, при што особено е потребно да ги исполнува следните технички услови:

- да има соодветен софтверски систем за позадинско работење со можност за поврзување на истиот со БЕСТ системот преку FIX протокол со којшто ќе

обезбеди прием и непречено ракување со налозите за тргување, како и евентулано поништување или ревидирање на склучените трансакции;

- да има соодветна хардверска опрема за воспоставување на непречена и безбедна комуникација со БЕСТ системот и системите на Берзата и системите на овластен депозитар;
- комуникациското поврзување на овластеното правно лице со Берзата мора да биде направено преку давател на услуги за комуникациско поврзување определен од страна на Берзата и
- софтверски систем за позадинско работење што го обезбедило овластеното правно лице да биде усогласен со барањата предвидени од страна на Берзата.

(2) Во случај кога овластеното правно лице не користи софтверски систем за позадинско работење обезбеден од страна на Берзата, Берзата и овластеното правно лице вршат тестирање на поврзувањето на софтверски систем за позадинско работење на овластеното правно лице преку FIX протокол со системите на Берзата со цел утврдување на евентуални недостатоци и грешки во функционирањето на истиот.

**Барање за прием во членство**

**Член 9**

(1) Овластеното правно лице кое има намера да стане членка на Берзата поднесува писмено барање до Берзата за прием во членство во Берзата, во форма и содржина наведени во Прилогот број 1, кој е составен дел на овие Правила.

(2) Кон барањето од став 1 на овој член, овластеното правно лице кое има намера да стане членка на Берзата ја поднесува најмалку следната документација со која се докажува дека истото ги исполнува условите за членство во Берзата:

- оригинал или нотарски заверен препис од Статутот на овластеното правно лице;
- тековна состојба од трговскиот регистар не постара од 30 дена;
- податоци за основачите/сопствениците на овластеното правно лице;
- копија од решението за издавање согласност на акционерот на овластеното правно лице за стекнување на квалификувано учество издадено од наделжен орган;
- доказ дека овластеното правно лице е членка на овластен депозитар за хартии од вредност;
- копија од согласноста за именување директор на брокерска куќа/организационата единица на банката за работа со хартии од вредност изададена од Комисијата;
- потврда од овластеното правно лице дека има вработено најмалку две лица во редовен работен однос кои имаат дозвола за работење на брокер издадена од Комисијата ;
- спецификација на вработените по работни места (во случај на овластена банка, спецификација на вработените по работни места во делот каде што се работи со хартии од вредност);
- спецификација на компјутерска и техничка опрема што ќе се користи во работењето со хартии од вредност;

- податоци за лицето одговорно за следење и почитување на законите и другите правни прописи, правилата на Берзата и актите на овластеното правно лице;
- оргинал или нотарски заверен препис на одлуката на органот на управување на овластеното правно лице дека истиот е запознаен со овие Правила и другите акти на Берзата, дека ги прифаќа и дека истите ќе ги спроведува и почитува;
- доказ за платен надоместок за прием во членство согласно со Тарифникот на Берзата и
- друга документација за која Берзата ќе оцени дека е потребна да биде доставена.

Покрај оваа документација, Берзата по службена должност во рок од три дена од денот на приемот на барањето ќе прибави примерок од дозволата за работа издадена на овластеното правно лице од Комисијата за хартии од вредност.

(3) Одредбите од став 2 на овој член се применуваат и при прием во членство на странска брокерска куќа, која има намера преку своја подружница да стане членка на Берзата.

(4) По приемот на Барањето за прием во членство се пристапува кон негово разгледување при што особено се прегледува целосноста и комплетноста на барањето и доставената документација, и се проверува дали се исполнети условите за прием во членство пропишани со овие Правила.

(5) Доколку поднесеното барање е некомплетно или од приложената документација не може да се констатира дека се исполнети условите за прием во членство пропишани со овие Правила, Берзата ќе побара од овластеното правно лице да го дополни поднесеното барање во рок од 30 дена од денот на неговото поднесување. Во истиот рок, Берзата има право да побара и друга дополнителна документација од овластеното правно лице што е потребна за добивање целосно мислење по поднесеното барање, со која се докажува дека овластеното правно лице кој има намера да стане членка на Берзата ги исполнува условите за членство. Овластеното правно лице е должно дополнувањето на поднесеното барање да го направи во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од Берзата.

(6) Врз основа на поднесеното барање и приложената документација од овластеното правно лице , Одборот на директори на Берзата одлучува по барањето за прием во членство, при што може истото да го одобри или да го одбие, во рок од 45 дена од денот на приемот на барањето, а во случаите од став 5 и став 7 на овој член, во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетното барање.

(7) Доколку Одборот утврди дека доставената документација е нецелосна за да истиот се произнесе по барањето на овластеното правно лице за членство во Берзата, Одборот има право да побара дополнување на документацијата. Овластеното правно лице е должно да ја дополни поднесената документација во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од Одборот.

(8) Доколку Одборот утврди дека овластеното правно лице ги исполнува условите за членство, донесува одлука за негов прием во членство на Берзата.

(9) Одлуката на Одборот за прием во членство се доставува во рок од 8 дена од донесувањето до овластеното правно лице кое бара прием во членство на Берзата, Комисијата за хартии од вредност и во истиот рок се информираат сите членки на Берзата и јавноста.

(10) Доколку Одборот утврди дека овластеното правно лице не ги исполнува условите за членство, со одлука го одбива барањето за членство, при што дава образложение наведувајќи ги причините поради кои не се одобрува членството.

(11) Одлуката на Одборот за одбивање на барањето за прием во членство се доставува во рок од 8 дена од донесувањето до овластеното правно лице кое бара прием во членство на Берзата и до Комисијата за хартии од вредност.

(12) Овластеното правно лице од став (10) на овој член чие барање за членство е одбиено има право на жалба до Комисијата за хартии од вредност, преку Берзата или непосредно до Комисијата, во рок од 15 календарски дена од денот на приемот на одлуката на Одборот.

**Почеток на користење на правата од членство**
**Член 10**

(1) Членката на Берзата е должна веднаш, а не подоцна од 60 дена по приемот во членство да ги преземе сите потребни дејствија со цел да започне да ги остварува правата од членство, и тоа:

- да ги уплати на Берзата потребните надоместоци утврдени со Тарифникот на Берзата;
- да обезбеди комуникациско поврзување со БЕСТ системот и другите системи на Берзата;
- најмалку двајца нејзини вработени-овластени брокери да се стекнат со статусот брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот
-во координација со Берзата да го изврши тестирањето на софтверскиот систем за позадинско работење согласно член 8, став 2 од овие Правила.

(2) Најдоцна во рок од 3 работни дена од денот на извршувањето на сите дејства од став 1 на овој член, Главниот извршен директор на Берзата со одлука определува датум од кога членката ќе отпочне да ги користи правата од членство во Берзата, определува шифра на членката и дава инструкција за овозможување активен пристап на членката во БЕСТ системот.

**Брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот**
**Член 11**

(1) Пристап на членките на Берзата до БЕСТ системот заради тргување со хартии од вредност можат да имаат само брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членката.

(2) Овластениот брокер се стекнува со статусот брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членката доколку бидат исполнети следните услови:

- членката да достави доказ дека лицето има важечка дозвола за брокер издадена од Комисијата;
- лицето го положи или да го има положено стручиот испит организиран од Берзата;
- членката на Берзата да достави изјава до Берзата дека сите трансакции реализирани од тоа лице во име на членката ќе ги смета за трансакции реализирани од членката, и дека членката соодветно ќе одговара за тоа;
- членката на Берзата да достави потврда дека лицето има регулиран работен однос кај членката согласно Законот за работни односи;
- лицето да достави изјава до Берзата дека е запознаен со актите на Берзата, дека ги прифаќа и ќе ги почитува истите.

(3) Овластен брокер не може да се стекне со статус брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членка доколку против него има важечка одлука со која истиот е исклучен од тргувањето поради повреда на актите на Берзата и/или интерните акти на членката.

(4) По исполнувањето, односно проверката на условите наведени во став 2 и став 3 на овој член, Берзата на овластениот брокер му доделува корисничко име и лозинка, со што му дава овластување за пристап и користење на БЕСТ системот, односно право да настапува како брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот. За доделување на брокерско корисничко име и лозинка, членката е должна да плати еднократен надоместок согласно Тарифникот на Берзата.

(5) Брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот е должен да ги чува корисничкото име и лозинка како деловна тајна.

(6) Со одлука од Главниот извршен директор, Берзата ќе го суспендира или укине правото на брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членка на Берзата за пристап до БЕСТ системот доколку добие известување од членката дека:

- брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот нема регулиран работен однос согласно Законот за работни односи во членката на Берзата која го пријавила;
- истекла важноста на неговата дозвола за брокер издадена од Комисијата и истата не била обновена во законскиот рок, или истата му била времено или трајно одземена од Комисијата;
- бара укинување на правото на брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот да настапува во нејзино име при тргувањето со хартии од вредност на Берзата.

(7) Берзата ќе го суспендира или укине правото на брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот доколку на брокерот му е изречена дисциплинска мерка од Берзата за привремено или трајно исклучување од тргување, поради повреда на актите на Берзата.

(8) Берзата ќе го суспендира или укине правото на брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот врз основа на решение од Комисијата со кое Берзата се задолжува времено или трајно да го исклучи од системот за тргување овластениот брокер.

## Стручен испит за стекнување и одржување на статус брокер со дозвола за пристап до БЕСТ системот
## Член 12

(1) Со цел стекнување и одржување на знаења и вештини потребни за тргување со хартии од вредност преку БЕСТ системот, Берзата организира обуки и полагање на испити за овластените брокери вработени во членките.
(2) Берзата организира обука и полагање на стручен испит за тргување со хартии од вредност за овластените брокери за кои членката ќе побара пристап до БЕСТ системот согласно член 11 од овие Правила, со цел стекнување на знаења и вештини потребни за тргување со хартии од вредност преку БЕСТ системот.
(3) Стручниот испит од став 1 на овој член се состои од два дела: 1) проверка на познавањето на правилата за тргување на Берзата и 2) проверка на познавањето на карактеристиките на берзанскиот електронски систем за тргување со цел негово користење.
(4) Стручен испит го спроведува посебна комисија формирана од Главниот извршен директор на Берзата и истиот се изведува писмено.
(5) Стручен испит се смета за положен доколу кандидатот точно одговори на најмалку 60% од поставените прашања на двата испитни дела поединечно.
(6) Доколку брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот не го користел правото на пристап на БЕСТ системот една година непрекинато, задолжително повторно го полага испитот од став 2 на овој член пред повторно да отпочне да го користи тоа право.
(7) По потреба, Берзата може да организара дополнителни обуки за брокерите со пристап до БЕСТ системот со цел одржување на знаењата и вештините потребни за тргување со хартии од вредност преку БЕСТ системот и/или може да изврши проверка на таквите знаења и вештини.
(8) Присуството на брокерите со пристап до БЕСТ системот на обуките од став 7 е задолжително.
(9) За полагање на стручниот испит од став 3 и 6 на овој член се наплатува надомест утврден со Тарифникот на Берзата.

## Експозитури на членка на Берзата
## Член 13

(1) Членката на Берзата е должна да ја извести Берзата за отворање или затворање на експозитура, за работите што ќе се вршат во експозитурата, за вработените овластени брокери и брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот во експозитурата и за секоја промена на овластените брокери и брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот во експозитурата.
(2) Членката е должна да достави одлука од надлежен орган на членката во врска со статусот и работите што ќе се вршат во експозитурата.
(3) Членката на Берзата може преку експозитурата за која ја известила Берзата согласно став 1 од овој член, да врши прием и реализација на налози за тргување во БЕСТ системот или да врши само помошни и технички работи.
(4) Членката на Берзата може да врши прием и реализација на налози за тргување во БЕСТ системот преку експозитура под следните услови:

- членката да достави до Берзата доказ дека за отворањето на експозитурата е известена Комисијата за хартии од вредност;
- да има интегрирана книга на налози на експозитурата со седиштето на членката;
- да има најмалку еден брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот во редовен работен однос кој ќе работи во експозитурата на членката;
- членката да ги уплати на Берзата потребните надоместоци утврдени со Тарифникот на Берзата.

(5) Под технички и помошни работи што се вршат во експозитурите на членка на Берзата се подразбира само примање на налози, информирање на клиентите за купување или продавање на хартии од вредност кое не претставува инвестиционо советување и други помошни и технички работи што не претставуваат вршење на услуги со хартии од вредност од член 94 на Законот за хартии од вредност.

(6) Членката на Берзата којашто преку експозитурата врши помошни и технички работи треба да достави до Берзата податоци за лицата кои вршат прием на налози и нотарски заверена изјава од наведените лица во која тие под целосна морална, материјална и кривична одговорност изјавуваат дека вршат исклучиво само прием на налози за тргување, односно дека на клиентите не им даваат инвестициски совети.

## 3. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНКИТЕ НА БЕРЗАТА

### Права на членка на Берзата
### Член 14

Членката ги има следните права од нејзиното членство во Берзата:

1. во своето работење да истакнува дека е членка на Берзата;
2. да има еднаков третман со сите други членки на Берзата;
3. да го користи БЕСТ системот за склучување на трансакции во свое има и за своја сметка и/или за сметка на своите клиенти;
4. преку своите брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот да склучува берзански трансакции, доколку условите на пазарот тоа го дозволуваат;
5. да има пристап до сите информации што ги објавува Берзата релевантни за тргувањето и котацијата на хартии од вредност во согласност со актите на Берзата;
6. навремено и целосно да биде информирана за донесување и/или изменување на акти на Берзата релевантни за тргувањето со хартии од вредност на Берзата и/или за членството во Берзата;
7. други права утврдени со актите на Берзата.

### Обврски и одговорности на членка на Берзата
### Член 15

Членката на Берзата ги има следните обврски и одговорности:

- да ги почитува овие Правила и другите акти на Берзата;

- да ги исполнува условите за прием во членство за целото времетраење на нејзиниот статус членка на Берзата, а особено следното:
    - да поседува дозвола за работа со хартии од вредност од Комисијата;
    - да ги усогласува своите акти со законските прописи и актите на Берзата;
    - да одржува соодветно ниво на организациона и техничка опременост, особено од аспект на непречено поврзување на членката со БЕСТ системот и другите системи на Берзата;
    - да биде членка на овластен депозитар за хартии од вредност;
    - во секое време да има вработено најмалку двајца брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот во редовен работен однос;
- да доставува податоци до Берзата согласно овие Правила и другите акти на Берзата;
- да осигура дека својата апликација за позадинско работење е технички и функционално усогласена со БЕСТ системот;
- да обезбеди заштита од неовластен пристап на својата апликација за позадинско работење, на идентификациските ознаки и на корисничките имиња за пристап до БЕСТ системот;
- на барање на Берзата да овозможи надзор над апликацијата за позадинскко работење;
- на барање на Берзата да доставува податоци, информации, извештаи и документи кои се поврзани со налозите за трување, склучени трансакции на Берзата и/или податоци важни за заштита на јавниот интерес и интересот на инвеститорите;
- редовно и навремено да ги исполнува финансиските обврски кон Берзата;
- да се грижи за угледот на Берзата при извршување на активностите поврзани со тргување со хартии од вредност и при јавното настапување;
- да обезбеди нејзините вработени и/или застапници да се соодветно квалификувани, да поседуваат знаења и вештини потребни за тргување со хартии од вредност и да применуваат стандарди на професионалност, стручност и етичко однесување кога настапуваат во име на членката и да се грижи за нивна континуирана едукација од областа на пазарот на хартии од вредност;
- да изработи интерни правила за работење и контрола на своите вработени со кои ќе се обезбеди дека нејзините директори и вработени лица ќе работат согласно прописите од областа на хартиите од вредност и актите на Берзата (контролни процедури).
- внимателно да врши надзор над работењето на своите вработени како и сите други лица (полномошници, застапници, прокуристи) кои работат во име и за сметка на членката;
- да потпише арбитражна спогодба со која се регулира решавањето на спорови согласно правилата за арбитража на Берзата,
- да не ги злоупотребува необјавените информации и да се придржува на обврските за чување на деловната тајна;
- да не дава препорака за тргување, ниту да тргува или да организира трансакции со единствена цел да добие поголема провизија;
- соодветно да го објави времето за работа со клиенти и времето во кое се тргува на Берзата;
- во сите простории каде што работи со клиенти да овозможи увид во општите услови за работење на членката и во тарифникот на услугите со хартиите од вредност;
- да уреди постапка со која ќе се обезбеди:
    - начинот на доставување на жалби од клиентите што се однесуваат на почитувањето на правилата на Берзата;
    - начинот на проверување на наводите изнесени во жалбата; и

- начин на донесување на одлука по жалбата и на клиентот да му се овозможи право на приговор до Берзата.

**Пристап до БЕСТ системот и другите системи на Берзата**
**Член 16**

(1) Сите членки на Берзата имаат пристап до БЕСТ системот.
(2) Техничките услови коишто членките треба да ги исполнат за пристап до БЕСТ системот ги определува Берзата.
(3) Членката е должна да ги чува како деловна тајна техничката документација, компјутерските програми и другите податоци и информации во врска со постапката за поврзување со БЕСТ системот и другите системи на Берзата за кои Берзата ќе определи дека се од доверлив карактер.
(4) Членката е должна да ги преземе потребните мерки за спречување на пристап и користење на БЕСТ системот, директно или индиректно од страна на неовластени лица.

**Шифра на членката**

**Член 17**

(1) Берзата и доделува шифра на секоја членка која членката ја користи за пристапување во БЕСТ системот.
(2) Шифрата може да ја користи само членката на која и е доделена.
(3) Членката е одговорна за сите активности кои настанале во БЕСТ системот под нејзината шифра.

**Право на внесување на налози и склучување трансакции преку БЕСТ системот и одговорност за истите**

**Член 18**

(1) Членката, согласно дозволата за работа, има право да внесува налози за тргување со хартии од вредност во БЕСТ системот и да склучува трансакции во свое име и за своја сметка (принципал) и/или во свое име и за сметка на трети лица, клиенти.
(2) Сите внесени налози за тргување и скучени трансакции кои ја содржат шифрата на членката се правно обврзувачки за членката и членката одговара за сите трансакции склучени во нејзино име од страна на брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот.
(3) Членката е одговорна за сите други дејства извршени од брокерите со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, директорите и вработените во нејзино име, вклучувајќи и потпишани договори од наведените лица во име на членката.
(4) Вработените во членката на Берзата не може да тргуваат со хартии од вредност во свое име и за своја сметка преку друга членка на Берзата.

**Едукација на овластените брокери**
**Член 19**

(1) Берзата може да организира обуки и едукативни настани во врска со актуелни прашања од областа на хартиите од вредност, со цел континуирана едукација на овластените брокери вработени во членките на Берзата. За содржината на обуките и едукативните настани Берзата врши претходна консултација со Комисијата за работење со хартии од вредност при Македонската Банкарска Асоцијација.
(2) Организирањето на обуки и едукативните настани за овластените брокери се прави на комерцијална основа, преку плаќање на надоместок од страна на членките во висина потребна за покривање на трошоците за ангажирање на предавачи и логистички потреби на Берзата.
(3) Одоборот на директори, имајќи ја предвид консултацијта од став 1 на овој член, го определува бројот, содржината, цената и начинот на организирање на обуките и едукативните настани.
(4) Доколку овластените брокери вработени во членките на берзата не присуствуваат на обуките и едукативните настани од овој член, потребно е членката да достави известување до Берзата и да документира дека веќе обезбедила соодветна едукација за овие лица.

**Чување на угледот на Берзата и користење на логото на Берзата**
**Член 20**

(1) Членката на Берзата не смее да дава совети, препораки, да издава или да дистрибуира пишани материјали или да ги користи медиумите на начин со кој се нанесува или би можело да се нанесе штета на интересите и угледот на Берзата и на пазарот на хартии од вредност во целина.

(2) Членката на Берзата има право во комуникација со трети лица, на својата интернет страница или на друг соодветен начин да истакнува дека е членка на Берзата и да го користи логото на Берзата, при што не треба да се доведат во заблуда третите лица во однос на правната одвоеност на членката од Берзата.

(3) Берзата може подетално да го пропише начинот на користење на нејзиното лого од страна на членките.

**Обврски за задолжителни известувања до Берзата**
**Член 21**

(1) Членката на Берзата е должна да достави известување до Берзата по писмен пат во случај на:
- ограничување или одземање на дозволата/согласноста за вршење на услуги/тргување со хартии од вредност од Комисијата или Народна банка на Република Македонија;

- ограничување или одземање на согласноста за вршење на функцијата директор на членка издадена од Комисијата;
- ограничување или одземање на дозволата за работа на овластените брокери на членката од страна на Комисијата, како и за истекување или обновување на важноста на дозволата за работа;
- изречени мерки од страна на овластен депозитар во врска со престанок, суспензија или други промени во статусот на членка во овластен депозитар;
- промена и/или престанок на работен однос на директор, овластен брокер, брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, лицето одговорно за следење и почитување на законските и другите правни прописи и актите на Берзата или друг вработен во членката;
- измена на Статутот на друштвото и упис на промени во трговски регистар, вклучително и измени во составот на органот на управување;
- стекнување и промена на акционерите со квалификувано учество во членката;
- отварање и затворање на експозитури на членката и за промени во работите што се вршат во експозитурата;
- поведување на претходна постапка заради утврдување на постоење услови за отворање на стечајна постапка и исход од истата;
- покренување и исход од значајни судски и арбитражни спорови што произлегуваат од тргување со хартии од вредност или спорови од кои може да произлезе значајно пореметување на тековното работење на членката;
- покренување на постапка на ликвидација или стечај на членката.
- да доставува до Берзата годишни финансиски извештаи за своето работење, заедно со извештај од овластен ревизор, во рок од 15 дена од нивното усвојување. Во случај на членка-банка, да доставува и изведен биланс на приходи и расходи на организационата и деловната единица на банката што се занимава со вршење услуги со хартии од вредност.
- обезбедување на едукација на овластените брокери вработени во членките на берзата од областа на пазарот на хартии од вредност.

(2) На барање на Берзата, членката е должна да достави до Берзата и други податоци и документи кои влијаат или би можеле да влијаат на исполнување на обврските на членката, функционирањето на Берзата и на другите членки, на инвеститорите и пазарот на хартии од вредност во целина.

(3) Берзата е должна да ги чува како доверливи податоците и информациите доставени од членката кои не се на друг начин достапни до јавноста и да не ги обелоденува истите на надворешни лица без претходна согласност од членката, освен на барање на надлежен орган во законски регулирана постапка.

(4) Известувањата од став 1 на овој член, членките на Берзата се должни да ги достават веднаш по настанување на дејствието или промената.

(5) Берзата може да овозможи известувањата од став 1 на овој член да се доставуваат и по електронски пат преку посебна софтверска апликација.

### Обврски во врска со паричните средства од клиентите

### Член 22

Членката е должна при работење со паричните средства на клиентите да постапува согласно Одлуката за начин на работа со посебна сметка донесена од страна на Комисијата од 24.02.2022 година и нејзините понатамошни измени и дополнувања, како и согласно прописите од областа на хартии од вредност кои го регулираат ова прашање.

### Обврски во врска со финансиското работење на членката

### Член 23

(1) Членката е должна навремено да ги исполнува пристигнатите финансиски обврски и постојано да ја одржува способноста за исполнување на своите обврски.

(2) Доколку членката не ги подмири финансиските обврски кон Берзата најдоцна во рок од 7 (седум) дена по истекот на рокот предвиден за плаќање на доставената фактура, Главниот извршен директор може привремено да ја исклучи членката од членство на Берзата, се е до исполнувањето на обврските.

(3) Членката е должна веднаш да ја извести Берзата во случај на неликвидност на членката или значајно нарушување на нејзината финансиска состојба или друга финансиска околност која може да влијае на исполнувањето на нејзините обврски како членка или случување на настан во нејзиното работење што ја доведува во прашање сигурноста на другите членки на Берзата и/или самата Берза.

## 4. ПРЕСТАНОК И ПРОМЕНИ НА СТАТУСОТ ЧЛЕНКА ВО БЕРЗАТА

### Престанок на членство
### Член 24

(1) Членството на членка во Берзата може да престане:
- со доброволно истапување од членство на барање на членката;
- трајно исклучување од членството од страна на Берзата; и
- со повлекување на одлуката за членство од страна на Берзата.

(2) Се престанокот на статусот членка на Берзата престануваат правата и обврските на членката кои произлегуваат од нејзиното членство во Берзата.

(3) Како датум на престанок на членството се смета денот определен во одлука донесена од страна на Берзата.

(4) По исклучок од став 2 на овој член, финансиските и другите обврски на членката кон Берзата и кон другите членки кои постоеле во моментот на престанокот на членството, а кои не биле исполнети, продолжуваат да важат до нивното целосно исполнување од страна на членката, согласно овие Правила, Тарифникот и другите акти на Берзата или согласно договорите склучени помеѓу Берзата и членката.

(5) Во случај на престанок на членката во членство на Берзата, членката е должна да обезбеди сите нејзини клиенти за кои врши услуги во врска со хартии од вредност да бидат во најкус можен рок запознаени со нејзиниот иден статус и да им овозможи соодветно регулирање на односите на клиентите со членката во согласност со барањата на клиентот.

**Доброволно истапување од членство**
**Член 25**

(1) Членката што сака доброволно да истапи од членство на Берзата, доставува до Берзата барање за истапување од членство најмалку 30 дена пред денот на формалното истапување.

(2) За да доброволно истапи од членство, членката треба да ги подмири сите свои финансиски обврски спрема Берзата и другите членки на Берзата.

(3) Одборот на директори на Берзата донесеува одлука за прифаќање на барањето за доброволно истапување од членство на членката во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето од став 1 на овој член.

**Трајно исклучување од членство на Берзата**
**Член 26**

(1) Членка на Берзата трајно се исклучува од членство во следниве случаи:
- при трајно одземање на дозволата за работа од Комисијата согласно Законот за хартии од вредност;
- при трајно исклучување од членство во овластен депозитар;
- ако членката е примена во членство на Берзата врз основа на невистинити податоци;
- ако околности поради кои била донесена одлуката за привремено исклучување од членство согласно став 1 и став 2 од член 27 не престанат да постојат до истекот на перидот од 12 месеци од денот на донесување на одлуката;
- отворена стечајна постапка на членката согласно Законот за хартии од вредност;
- престанок на постоење на членката поради ликвидација, согласно Законот за хартии од вредност.

(2) Главниот извршен директор на Берзата донесува одлука за трајно исклучување од членство во случаите од став 1 алинеи 1, 2, 5 и 6, а за останатите случаи од став 1 на овој член одлука за трајно исклучување од членство донесува Одборот на директори на Берзата.

(3) Одборот на директори на Берзата може трајно да ја исклучи членката од членство во Берзата со донесување дисциплинска мерка, во случај на констатирана повреда на актите на Берзата спроведена во согласност со постапка уредена со Правилата за однесување и дисциплина.

(4) Со трајното исклучување од членство, членката го губи статусот и правата на членка на Берзата, додека правата на другите членки кон таа членка кои се стекнати пред нејзиното исклучување, како и правата на Берзата по однос на нерегулираните финансиски обврски на членктата, остануваат во сила.

(5) Берзата ја известува Комисијата за хартии од вредност, другите членки на Берзата и јавноста за трајното исклучување на членка од членство на Берзата, веднаш но не подоцна од 1 работен ден.

(6) Овластеното правно лице кое било исклучено од членство на Берзата може повторно да достави барање за прием во членство по истекот на една година од денот на конечноста на одлуката за исклучување од членство.

**Привремено исклучување од членство на Берзата**
**Член 27**

(1) Одборот на директори на Берзата може привремено да ја исклучи членката од членство во Берзата со донесување дисциплинска мерка, во случај на констатирана повреда на актите на Берзата спроведена во согласност со постапка уредена со Правилата за однесување и дисциплина.

(2) Главниот извршен директор привремено ја исклучува членката од членство на Берзата врз основа на известувањата од член 21 од овие Правила во врска со:
- привремено одземање на дозволата од Комисијата;
- привремено одземање на статусот член на депозитар;
- доколку не поседува најмалку двајца овластени брокери со пристап до БЕСТ;
- поведување на претходна постапка за поведување на стечајна постапка;
- покрената постапка за ликвидација и
- во случај на неликвидност на членката или значајно нарушување на нејзината финансиската состојба или друга финансиска околност која може да влијае на исполнувањето на нејзините обврски како членка или случување на настан во нејзиното работење што ја доведува во прашање сигурноста на другите членки на Берзата и/или самата Берза.

(3) Берзата ја известува Комисијата за хартии од вредност и јавноста за привременото исклучување на членка од членство на Берзата, веднаш но не подоцна од 1 работен ден.

(4) Со привременото исклучување од членство, членката привремено ги губи правата од членството, додека правата на другите членки и правата на Берзата кон таа членка кои се стекнати пред нејзиното исклучување, остануваат во сила.

(5) Времетраењето на привременото исклучување од членство во Берзата согласно став 1 и став 2 на овој член може да биде однапред определено или да трае до престанок на околкностите поради кои е донесена одлуката за привремено исклучување од членство, но не подолго 12 месеци од денот на донесување на одлуката.

(6) За времетраење на привременото исклучување од членство во Берзата, членката е должна да ја подмирува месечната чланарина по основ на членство во Берзата утврдена во Тарифникот на Берзата.

**Жалба**
**Член 28**

(1) Против одлуките од член 26 и член 27 од овие Правила, членката може да изјави жалба до Комисијата, преку Берзата или директно до Комисијата во рок од 15 календарски дена од приемот на одлуката.
(2) Навременото поднесување на жалба го одлага извршувањето на одлуките, освен во определени случаи кога ќе се утврди дека е потребно да не го одлага со цел да се заштитат интересите на инвеститорите во хартии од вредност. Во одлуката донесена од Одборот на директори, односно Главниот извршен директор изречно се наведува дали поднесувањето на жалба против истата го одлага или не го одлага извршувањето.

**Повлекување на одлука за прием во членство**
**Член 29**

Одборот на директори на Берзата има право да ја повлече одлуката за прием во членство, доколку членката на Берзата не ги изврши сите потребни дејствија наведени во член 10 овие Правила во рок од 60 дена од денот на приемот во членство.

**Мирување на членство**
**Член 30**

(1) Членката може да побара од Одборот на директори на Берзата нејзиното членство во Берзата да биде во мирување, при што периодот на мирување не може да биде подолг од една година.

(2) За да мирува членството во Берзата, членката е должна да ги подмири сите свои финансиски обврски спрема Берзата и другите членки на Берзата, да обезбеди сите нејзини клиенти за кои врши услуги во врска со хартии од вредност да бидат во најкус можен рок запознаени со нејзиниот иден статус и да им овозможи соодветно регулирање на односите на клиентите со членката во согласност со барањата на клиентот.

(3) За време на мирувањето, членката нема право во своето работење да истакнува дека е членка на Берзата и е должна да ја плаќа месечната чланарина по основ на членство согласно Тарифникот на Берзата.

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 31

(1) Со овие Правила престануваат да важат Правилата за членство бр. 09-1937/3 од 14.07.2008 година (Пречистен текст).

(2) Овие Правила влегуваат во сила со денот на донесување, а ќе започнат да се применуваат по истекот на 5 работни дена по конечноста, односно правосилноста на решението на Комисијата за согласност на истите.

(3) Овластените правни лица кои во моментот на започнување на примена на овие Правила се членки на Берзата, се должни да ги применуваат и почитуваат овие Правила и да го усогласат своето работење со истите.

(4) Членките на Берзата се должни во рок од 30 дена од денот на започнување со примената на овие Правила да достават до Берзата:

- податоци за акционерите со квалификувано учество во членката;
- листа на сите вработени во членката по работна позиција.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Тони Стојановски**

**Прилог број 1**

**БАРАЊЕ ЗА ПРИЕМ ВО ЧЛЕНСТВО НА БЕРЗАТА**

1. **Назив на овластено правно лице :**
   **___________________________________**

2. **Краток назив:**

   **___________________________________**

3. **Седиште на овластеното правно лице:**

   **___________________________________**

4. **Телефонски број и електронска пошта:**

   **___________________________________**

5. **Број на Решение за упис во Трговскиот Регистар:**

   **________________________________**

6. **Број и датум на дозволата од Комисијата за работење на овластено правно лице:**
   **_________________________________**

7. **Број и датум на Решение од Комисијата за согласност за именување Директор на овластеното правно лице:**
   **_________________________________**

8. **Податоци за членство во овластен депозитар:**
   **- назив на овластениот депозитар**
   **___________________________________**
   **- датум на прием во членство**
   **___________________________________**

**9. Број на вработени -овластени бокери:**

___________________________________

**10. Вкупен број на вработени:**

___________________________________

**11. Податоци за основната главнина на овластеното правно лице:**

___________________________________

**12. Број на издадени акции:**

___________________________________

**13. Номинална вредност на акција:**

___________________________________

**14. Видови услуги со хартии од вредност кои ќе ги врши овластеното правно лице:**

___________________________________

**15. Сопственици/основачи:**

___________________________________

**16. Членови на орган на управување и надзор:**

___________________________________

**17. Претседател на орган на управување:**

___________________________________

**18. Директор на овластеното правно лице:**

___________________________________

**19. Доставена документација во прилог кон барањето:**